ХЕРА



# МЕНУВАЊЕ НА ПЕРСПЕКТИВИТЕ:

# СТАВОВИ И ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

## КОМУНИКАЦИСКИ ПАКЕТ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Работата на родовата еднаквост е важна точка на поврзување меѓу граѓаните и граѓанските организации

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

# Содржина

4 Вовед

8 Клучни наоди:

Општи заклучоци 9

12 Клучни наоди по теми

Што подразбираат граѓаните под поимот родова еднаквост? 13
Дали родовата нееднаквост е реален проблем во нашата држава? 14
Дали степенот на образование влијае врз свесноста за родовата нееднаквост? 16
Постои ли разлика во свесноста за родова нееднаквост по региони? 16
Преглед по региони 17
Кој е најобесправен во нашата држава? 18
Кој за кого се изјаснува дека е најобесправен? 20
Што вели религијата за еднаквоста меѓу мажите и жените? 21
Има ли родова еднаквост во нашата држава? 22
Колку родовата еднаквост е клучна за напредокот во општеството? 23
Како се гледа на родовата нееднаквост во различни области на општественион живот? 25
Постојат ли сè уште различни ставови кон „машки и женски професии“? 28
Татковско отсуство – да или не? 32
Постои ли родова еднаквост во партнерските односи? 33
Кои се причините за родовата нееднаквост? 34
Постои ли родова еднаквост во домот? 35
А што мислат младите за ова прашање? 37
Врз кого е товарот да заработува повеќе во семејството? 38
Колку граѓаните прават разлика меѓу машкото и женското дете кога станува збор за финансирање на нивното образование? 39
Наследуваме ли еднакво како мажи и жени? 40
Каков е ставот во однос на самостојно одлучување за абортус? 42
Колку сме согласни околу еднаква распределба на обврските во домот? 43
Се зборува ли доволно за правата на жените во училиштата? 44
Како би се заштитиле во случај на лично доживеана неправда од родов вид? 46
Треба ли да ги чуваме традиционалните вредности? 48

# Вовед

Пред вас е документ од спроведено истражување на јавното мислење чија цел е да направи преглед на ставовите и перцепциите на граѓаните поврзани со родовата еднаквост.

Наодите се однесуваат на типични стереотипи и предрасуди на населението во оваа област, кои можат да бидат адресирани преку широка соработка и преку институционално дејствување.

Целта е и да се идентификуваат точките според кои можат да се пронајдат поврзаности и разлики меѓу граѓаните по однос на родовите улоги во семејството, ставовите за наследување, перцепцијата за лидерство, ставовите за учеството на жените во политиката, на пазарот на трудот и сѐ друго што ја сочинува тековната поларизација на односите меѓу мажите и жените, девојките и момчињата.

Дополнително се претставени и резултатите за неколку чувствителни прашања во јавноста во врска со абортусот, татковското отсуство, хомосексуалноста и сл.

**Интересно е да се види какви разлики има по овие прашања кога се работи посебно за жените, мажите или претставниците од одредена етничка припадност.**

**Крајната цел од исходот на истражувањето е изнаоѓање можни точки на поврзување на сите чинители врз основа на добиените податоци, како и можно дејствување за унапредување на родовата еднаквост.**



Целокупниот текст содржи краток теоретски дел, меѓутоа клучните наоди од студијата се базираат врз податоците изворно добиени од истражувачките алатки, кои вклучуваат теренска анкета, фокус-групи и професионални интервјуа.

Работата на родовата еднаквост е важна точка на поврзување меѓу граѓаните и граѓанските организации

Квантитативните податоци се прибирани со теренска анкета (лице в лице) на репрезентативен примерок од **1.100** испитаници на национално ниво, разделени според:



## Беа спроведени и три фокус-групи, од кои:



**Жители од Скопскиот Регион,**

**на возраст од 25 до 30 години и**

**на возраст од 18 до 24 години**



**Жители од Полошки Регион,**

**од рурални и урбани општини, на возраст од 35 до 55 години**

Беа спроведени вкупно **шест интервјуа**, од кои четири **со претставници на политички партии** и со **двајца универзитетски професори по социологија на религија**, за аспектите на **двете доминантни религии во земјата** (православна и муслиманска).

Беа избрани **претставници од владејачките партии** (ВМРО-ДПМНЕ и Алтернатива) **и од најголемите опозициски партии** од македонскиот и од албанскиот блок (СДСМ и ДУИ).

Причината за нивното вклучување е улогата што ја имаат како главни носители на одлуки што ги обликуваат законодавството и регулативите за родова еднаквост.

ALTERNATIVA СДСМ

# Клучни наоди:

## Општи заклучоци

**1/3**

**од населението со традиционални и патријархални гледишта**

Општ заклучок од целата студија е дека меѓу граѓаните **преовладуваат позитивни сфаќања, перцепции и вредности кон родовата еднаквост. Сепак,** особено повеќе кај мажите и момчињата отколку кај жените и девојчињата, **сè уште се застапени традиционални и патријархални гледишта и отпор кон современото гледање на родовата еднаквост.**

### ВОЗРАСНИ ГРУПИ

**Возрасната група од**

**26/45** години

**покажува најголемо напуштање на традиционалните родови норми** и најголема поддршка за целосна еднаквост меѓу мажите и жените.

**Ова укажува на фактот дека трансгенерациското пренесување на традиционалните ставови повеќе влијае врз најмладите споредено со активностите за промена на традиционалните родови норми.**

**Најмладата возрасна група,**

**18/25** години

**исто така покажува донекаде отворени ставови, но се забележува дека таа не е најпрогресивната општествена група** по однос на прашањата поврзани со родовата еднаквост, со оглед на тоа дека оваа возрасна група не се разликува значајно по своите ставови од останатите возрасни групи.

## ОБРАЗОВАНИЕ

**Очекувано, колку се граѓаните пообразовани, толку повеќе го препознаваат проблемот на родова нееднаквост, при што мажите значително помалку од жените.**



## РЕГИОНИ




1 | Полошки регион
2 | Вардарски регион
3 | Североисточен регион

**Граѓаните во Полошкиот Регион имаат најниска свест за родовата нееднаквост, по што следуваат Вардарскиот и Североисточниот Регион.**

**Додека, пак, овој проблем е најсоодветно препознаен во Пелагонискиот и во Југозападниот Регион.**




1 | Пелагониски регион
2 | Југозападен регион



**Сепак, преовладува свесноста дека жените се најобесправени при таквата родова нееднаквост.**

# Клучни наоди по теми

# Што подразбираат граѓаните под поимот родова еднаквост?

Според фреквенцијата на клучните зборови за родовата еднаквост во одговорите, може да се заклучи дека испитаниците ја разбираат родовата еднаквост како:

**ЕДНАКВА ЗАСТАПЕНОСТ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ**



Еднакви можности за мажите и жените.



Еднакви права и обврски.



Рамноправност меѓу мажот и жената/половите.



Повеќе права и можности за жените.



Да нема поделби, разлики и дискриминација.

# Дали родовата нееднаквост е реален проблем во нашата држава?

Постои високо ниво на прифаќање дека родовата нееднаквост е реален проблем.

**Мнозинството луѓе во државата, односно**

**93 %**

**сметаат дека постои родова нееднаквост во нашето општество,**

**додека само**

**5 %**

**од луѓето во државата сметаат дека ова е измислен проблем.**




Истото мислење го делат и претставниците на политичките партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Алтернатива) вклучени во истражувањето, кои се согласуваат дека во Република Северна Македонија постои родова нееднаквост.

# 41,56 %

**Важно е да се спомене дистанцата која постои меѓу мажите и жените на одговорот за пренагласеноста на прашањето за родова еднаквост. Најголем процент од мажите (41,56 %) сметаат дека прашањето со родовата еднаквост е пренагласено, додека најголем процент од жените сметаат дека е реално (58,96 %).**




Како најважна причина за овие разлики, младите испитаници од фокусните групи ја истакнуваат личната засегнатост, поточно личните искуства на поединците: „тие што не ја почувствувале родовата нееднаквост, не ја перципираат како проблем“, а „жените се соочуваат со тоа секојдневно“, затоа и се посвесни за проблемот. Спротивно, од машка перспектива, „феминистичките движења можат да имаат преголеми и нереални барања“.



# Дали степенот на образование влијае врз свесноста за родовата нееднаквост?

**Истражувањето потврдува и дека нивото на образование влијае врз свесноста за постоењето на родовата нееднаквост.**

Колку е повисоко образованието на испитаниците, толку повеќе сметаат дека проблемот со родовата нееднаквост е реален. И обратно, колку е понизок степенот на образование, толку сметаат дека проблемот е измислен.




# Постои ли разлика во свесноста за родова нееднаквост по региони?

**Полошкиот Регион е најкритичен во однос на родовата еднаквост, со најсилно изразени патријархални норми.** Во овој регион најголем процент испитаници имаат став дека прашањето со родовата нееднаквост е пренагласено **(37,1 %)**, речиси најголем процент споредено со останатите региони сметаат дека прашањето е измислено **(13,6 %)**, а најмал процент сметаат дека е реалност (само **37,1 %**) и дека е потценето (**10 %** од испитаниците).

Особено е важно да се напомене дека во сите региони **во руралните делови има помала свесност за родовата нееднаквост** и поголема поддршка за постоечките родови норми, **во споредба со урбаните области.**

# Преглед по региони






# Кој е најобесправен во нашата држава?

## Според мнозинството испитаници




**87,5 %**

(**87,5 %**), жените се најобесправена група во општеството и тие се први на ранг-листата.




**58,5 %**

Сепак, не е мал процентот и на оние кои сметаат дека мажите се втори на листата по обесправеност (**58,5 %**).




**66 %**

Од друга страна, ЛГБТ лицата се сметаат за најмалку обесправената група во државата – со **66 %** од испитаниците.

Интересно е што возраста не е фактор што влијае врз разликата во одговорите, односно и најмладата категорија лица се согласува со овие одговори. Ова значи дека постои тенденција на непрепознавање на обесправеноста на ЛГБТ лицата, или неприфаќање на оваа група. Населеното место, полот и националноста влијаат врз перцепцијата кој е најмногу обесправен во државата.

**Испитаниците од руралните средини мислат дека мажите се повеќе обесправени од жените,** односно **7,4 %** од испитаниците од урбаната средина, **10,1 %** од руралната сметаат дека мажите се најобесправени.

Во однос на ЛГБТ лицата, **4,5 %** од испитаниците од урбаната средина, а само **0,7 %** од испитаниците од руралната средина сметаат дека припадниците на ЛГБТИ заедницата се најмногу обесправени.



**7,4 %** од испитаниците

од урбаната средина сметаат дека мажите се најобесправени



**10,1 %** од испитаниците

од руралната средина сметаат дека мажите се најобесправени.



**4,5 %** од испитаниците

од урбаната средина сметаат дека припадниците на ЛГБТИ заедницата се најмногу обесправени.



**0,7 %** од испитаниците

од руралната средина сметаат дека припадниците на ЛГБТИ заедницата се најмногу обесправени.



# Кој за кого се изјаснува дека е најобесправен?

Мажите во поголем степен сметаат дека мажите се тие кои се пообесправени, додека жените во поголем степен сметаат дека жените се тие кои се пообесправени.

Тие, пак (мажите и жените), меѓусебно не се разликуваат во перцепцијата за обесправеноста на припадниците на ЛГБТИ заедницата.



Претставниците на партиите идентификуваат пониско ниво на свест кај мажите во партиите во однос на потребата за борба за еднакви права на мажите и жените.

## Што вели религијата за еднаквоста меѓу мажите и жените?

Важно е да се напомене и експертското мислење на интервјуираните лица за овие податоци поврзани со религијата. „Мора да се прави разлика помеѓу религија и практикување на религијата од религиските организации. Во ниедна религија што е присутна на нашите простори, во светите книги (се мисли на Библијата и Куранот) нема омаловажување на жената, никаде не се пропагира и/или поддржува нееднаквост.

Практикувањето на религијата може понекогаш да значи извесна нееднаквост (жените се причестуваат одвоено од мажите во црквите, жените во џамијата не се молат на исто место каде и мажите. Она што исто така се практикува, а никаде го нема во светите книги, е што за ист престап како прељуба, жената била многу повеќе казнувана (и каменувана до смрт) или екскомуницирана, додека на мажот тоа му било дозволувано до одредена мера. Но тоа е само во сферата на традицијата и практикувањето на религијата од одредени лица, не и изворно учење.“ – Изјава на интервјуирано лице.

### Можен ли е морал без религија?

Преовладува мислењето на испитаниците кои се согласуваат со тврдењето дека „Не може да си човек со висок морал без да бидеш религиозен“. Процентот на оние кои се согласуваат со ова тврдење е **43 %**, додека бројот на оние кои не се согласуваат изнесува **37,5 %**. Притоа, нема разлика во одговорите според пол и возрасна група.

### Изјави од учесници на фокусните групи

„Од религиозните норми можат да се искористат многу позитивни работи во полза на градење на една позитивна личност која ќе делува во општеството.“
(Машко, 47 г.)

„Искрено, никому не му помага традицијата. Со оглед како се движи денешниот свет, само би ни штетело да ја задржуваме традицијата толку јако колку што ја задржуваме, треба да прогресираме понапред од неа.“
(Женско, 24 г.)

Спротивно, еве дел од ставовите за потребата од промена на традиционалните и религиозни позиции:

## Има ли родова еднаквост во нашата држава?




Во однос на степенот на остварување на родовата еднаквост, речиси

# 40 %

од испитаниците сметаат дека „ниту има, ниту нема“ родова еднаквост, што укажува на одредено ниво на присутност на родовата еднаквост, со значителен простор за подобрување на состојбите.

Албанците и испитаниците од Североисточниот, а особено од Скопскиот Регион, проценуваат дека во државата во поголем степен е обезбедена родовата еднаквост. **Жените во просек имаат покритичен став**, па во однос на мажите, тие сметаат дека во Македонија има помала родова еднаквост.

Работата на родовата еднаквост е важна точка на поврзување меѓу граѓаните и граѓанските организации

## Колку родовата еднаквост е клучна за напредокот во општеството?

Учесниците во истражувањето покажуваат и **голема свесност за важноста на родовата еднаквост за клучните аспекти на општественото живеење**. Најголем процент од испитаниците (над **60 %**) велат дека **родовата еднаквост е важна (потполно или делумно) за целокупниот развој на македонското општество и за влез во ЕУ.**

Родовата еднаквост е препознаена и како фактор за физичкото и за менталното здравје, како и за економскиот раст на државата, за подобар стандард и живот на сите.

**60 %**

од испитаницте велат дека **родовата еднаквост е важна (потполно или делумно) за целокупниот развој на македонското општество и за влез во ЕУ**





## Препораки:

- Треба да се продолжи со подигнување на свесноста на општата јавност дека родовата нееднаквост ги засега и жените и мажите, девојчињата и момчињата. Позитивните аспекти од родовата еднаквост кои се однесуваат и на мажите треба да бидат почесто истакнувани (како, на пример, економски поразвиено и постабилно општество, повеќе време за семејството и децата, отстранување на улогата на „обезбедувач на лебот во домот“ како единствен товар на мажот, подобрено здравје преку превентивни здравствени програми според потребите на мажите, подолг животен век).

### Организирање и спроведување кампањи за подигање на свеста и за едукација

- Кампањите да бидат на поедноставен јазик и преку пораки лесни за разбирање, преку секојдневни примери да се прикажат спецификите и проблемите со кои се соочуваат поединечно: жените, мажите и ЛГБТИ популацијата (да поттикнат емпатичност кон граѓаните).

### Организирање дебати/дискусии

- Да се организираат дискусии кои ќе вклучуваат жени и мажи и од рурални и од урбани средини, за да се разберат перцепциите за обесправеност, со што се соочуваат жените во урбана, а со што во рурална средина. На овој начин ќе се разберат разликите, ќе се зголеми информираноста за родовата нееднаквост и ќе се промовира солидарност.
- Подигнувањето на свеста треба да ги вклучи и позитивните аспекти од влијанието на родовата еднаквост за целокупниот развој во државата. Во оваа насока може да се споделуваат и позитивни примери од државите во кои е постигната поголема родова еднаквост и за тоа како напуштањето на родовите норми придонело за поголема благосостојба и поголем економски раст.
- Активностите на граѓанските организации  треба да одат и во насока на развој на услуги за подобрување на грижата за менталното здравје и за жени и за мажи, но и за родители и деца, преку обезбедени бесплатни и лесно достапни советувалишта за работа со стручни лица, на државно и на локално ниво.

# Како се гледа на родовата нееднаквост во различни области на општествениот живот?

## Поголема родова еднаквост е постигната во следните области:

**средна оценка 4,11**
Учество во културата/ забавниот живот

**средна оценка 4,06**
Пристап до високо образование

**средна оценка 4,00**
Пристап до квалитетни здравствени услуги

**средна оценка 3,95**
Пристап до пазарот на трудот

**средна оценка 3,83**
Обезбедување социјална заштита

**средна оценка 3,71**
Учество во политика

**Политиката е препознаена како област во која најмногу постои родова нееднаквост, по што следуваат социјалната заштита и пристапот до пазарот на трудот.**

**Во областа на политиката, политичките партии ги спомнуваат следниве точки како најкритични за недоволната застапеност на жените во политиката:**

**малиот број градоначалнички и малата застапеност на жени во извршната власт**



**внатрепартиските разлики (во сите партии) помеѓу мажите и жените за поддршка за полови и родови прашања**



**неволност за политичко експонирање и кандидирање на способни жени во партиите.**



Во фокусните групи е очигледна перцепцијата на младите за дискриминација на пазарот на трудот, особено на младите жени во репродуктивен период. Најмладите, на возраст од 18 до 24 години, сметаат дека родова нееднаквост најмногу постои во областа на трудот, особено при вработувањето и при користењето на породилното отсуство. Поголемата обврска за грижа за домот и семејството, наспроти можноста за платена работа, исто така влијаат врз недоволната застапеност на жените на пазарот на трудот. Притоа, младите сметаат дека во приватниот сектор има повеќе родови нееднаквости/неправди отколку во јавниот сектор, особено кога се работи за бременост и родителство.

## Препораки во областа политика:

- Граѓанските организации треба да соработуваат со политичките партии со цел подигнување на свеста и кај жените и кај мажите за родовата (не)еднаквост. Неопходно е да се градат мрежи за поддршка од мажи политичари кои ќе бидат „сојузници", освестени за родовите прашања, и ќе даваат поголема поддршка за жените да бидат застапени во политичките процеси и функции.
- Граѓанските организации треба да продолжат со застапување за зголемување/воведување на квотите за застапеност на помалку застапениот пол во законодавната, во извршната и во локалната власт, вклучително и за градоначалничките места. Овие иницијативи треба да се градат во блиска соработка со Клубот на пратенички и сојузниците од политичките партии.

**Социјалната заштита е втората сфера во која е идентификувана најголема родова нееднаквост.** Дополнително на општите социјални состојби и потреби за сите жени, **руралните жени, жените во помалите места и жените земјоделки** се посебно изложени на поголем социјален ризик, економска нестабилност, како и на неплатена семејна работа.

## Препораки во областа на социјална заштита:

- Застапување од страна на граѓанските организации за:
  - Основање на услуги за унапредување на социјалните стандарди во рурални средини, со акцент на градинки.
  - Признавање на дел од неплатената семејна работа и измена на Законот за здравствено осигурување со цел земјоделките и земјоделците да можат да остварат платено породилно отсуство и боледување.
  - Финансиски олеснувања за употреба на компјутери и интернет на социјално ранливите категории.

# Постојат ли сè уште различни ставови кон „машки и женски професии“?

Податоците покажуваат делумно напуштање на стереотипното гледање на „машки и женски професии“ на пазарот на трудот и генерално постоење на современи и еманципирани ставови во однос на жените во професионалната сфера.

**Позитивен аспект е што преовладува ставот дека жените можат да бидат еднакво стручни како и мажите во природните науки, математиката и инженерството**

**71,3 %**



**Исто така, дека жените можат да бидат еднакво успешни во менаџирањето**

**79,4 %**



**како и дека жените треба да се охрабруваат да се занимаваат со политика, со што се согласни**

**64,6 %**

**од населението.**



Сепак, мнозинството смета дека жените не би требало да работат во **професиите дефинирани како ризични и во кои се очекува потешка физичка работа**, како рударството и градежништвото

# 57,5%

Силата, за која се смета дека потекнува од биолошките и физичките разлики меѓу мажите и жените, се смета како предодредница за невклученоста на жените во одредени професии.

## Изјави од учесници на фокусните групи

„Жените немаат формални бариери, но едноставно не можат физички да одговорат на одредени работни позиции“; во областите: на изградба на патишта, бродови, фабрики и слично, не им е забрането на жените да работат, туку едноставно, таму нема да видиш жена.“
Изјава од учесничка во фокус-група, 22 години.

„Жена треба физички да биде спремна пред да започне одредена работа, бидејќи утре треба да биде здрава, да раѓа, а и детето да биде здраво.“
Изјава од учесничка во фокус-група, 29 години.



Родови стереотипи постојат и со **професиите поврзани со нега**, со оглед на тоа дека неполна третина, односно

# 29,3 %

од испитаниците, сè уште сметаат дека професиите поврзани со нега (негуватели, болничари, воспитувачи) не им прилегаат на мажите.



**Притоа, возраста не е значаен фактор** за ставовите на испитаниците за положбата/улогите на жените и мажите на пазарот на трудот, но затоа **полот и урбаноста на средината се**.

Ова значи дека жените и луѓето кои живеат во урбаните средини помалку поддржуваат родово стереотипни ставови од мажите и од луѓето од рурална средина.

Ова е највидливо кај тврдењето дека **жените не треба да се охрабруваат да се занимаваат со политика, за кое луѓето од руралните средини даваат значајно поголема поддршка** од испитаниците од урбаните средини.



## Препораки:

- Фокусот на граѓанските организации за спроведување на иницијативи за разбивање на родовите стереотипи, во однос на застапеноста и улогата на жената на пазарот на трудот, треба да биде на руралните средини и помалите места.
- Граѓанските организации, во соработка со политичарки, жени од јавната сфера и жени на менаџерски позиции во СТЕМ-индустријата, треба да спроведат јавни настани за зголемување на свеста за родова еднаквост и да спроведуваат обуки и школи за лидерство и менаџмент помеѓу девојки и жени за да ги зајакнат нивните вештини за вклучување во јавниот живот и донесување на одлуки и обезбедат мрежи за поддршка и солидарност.

## Татковско отсуство – да или не?

**Постои целосна поддршка за правото на татковско отсуство при раѓање на дете.** Високи **74 %** сметаат дека таткото треба да има право на отсуство при раѓање на дете, додека **61,5 %** сметаат дека користењето на ова право треба да биде задолжително. Важно е да се нагласи дека одговорите според пол немаат значајна разлика, односно и жените и мажите еднакво го поддржуваат правото на татковско отсуство.

Праксата покажува дека, ако не е задолжително, ретко кој ќе го искористи поради социјалните норми, отпорот од работодавачите, отпорот од околината и сл.



### Татковско отсуство




### Препораки:

- Граѓанските организации треба да продолжат со застапување за промена на Законот за работни односи, со цел воведување на поделено родителско отсуство и зголемување на отсуство за татковците по раѓањето на детето, со оглед на големата поддршка за ова право.
- Зголемена поддршка од граѓанските организации за заштита на правата кои произлегуваат од законодавството за работни односи, особено на ниво на инспекции и судови, вклучително и за оние кои (ќе) користат породилно, родителско и татковско отсуство,

## Постои ли родова еднаквост во партнерските односи?

**Во случај на домашно несогласување, не е во ред да се употреби физичка сила кон партнерката/от, сметаат 85,8 % од испитаниците**. Сепак, еден процент испитаници (8,2 %) **оправдуваат насилство и сметаат дека е во ред да се употреби физичка сила кон партнерката**.



**Испитаници:**

**85,8 %**

**не е во ред да се употреби физичка сила кон партнерката/от,**

**8,2 %**

**оправдуваат насилство и сметаат дека е во ред да се употреби физичка сила кон партнерката**.

Најголем дел од испитаниците кои поддржуваат насилство кон партнерот/партнерката се мажи, но сепак, има поддршка и од жени. Доколку се земе предвид дека насилството во домот или во интимните партнерски врски се врши најчесто од страна на мажот кон жената, тогаш ваквиот одговор значи и оправдување на насилството кон жени од страна на самите жени. Во овој контекст, несогласувањето со партнерот се разбира како непочитување на партнерот и добивање на „заслужена казна“.

Нееднаквата положба на жената во партнерските односи се потврдува и со високиот степен на согласување дека слободните сексуални односи се поприфатливи за мажите отколку за жените. Впрочем, **високи 36 % се согласуваат со ставот дека слободните сексуални односи се поприфатливи за мажите отколку за жените**, наспроти **43,6 %** кои не се согласуваат.

# Кои се причините за родовата нееднаквост?

**Традицијата, семејството, општествените и културните норми и политиката се препознаени како главни причини за родова нееднаквост.** Граѓанските организации се гледаат како фактор што во најмала можна мера придонесува за родова нееднаквост, што претставува потврда на позитивниот придонес на дел од граѓанските организации за унапредување на родовата еднаквост во општеството. Младите на ворзаст од 18 до 29 години се идентични со ставовите на испитаниците од повозрасните категории, односно ги имаат истите ставови за тоа кои се главните фактори за родова нееднкввост.

**Општествените норми** се истакнати како главна причина за родова нееднаквост во фокусните групи, кои се пренесуваат во форма на традиција, „застарени сфаќања“, очекувања, стереотипи и предрасуди за родовите улоги, претежно преку семејните примери и воспитување, но и преку општествено влијание и поширока социјализација.

**Кои се најзначајните фактори за родова нееднаквост во РС Македонија?**



## Постои ли родова еднаквост во домот?

Испитаниците имаат генерално поделени ставови кога е во прашање традиционалната поделба на улогите на мажите и жените во домот и семејството, особено во однос на грижата за домот. Така,

**47,6 %**

не се согласуваат со ставот дека грижата за домот првенствено треба да биде на жената, додека

**32 %**

се согласуваат.

Повеќето, односно над

**40,5 %**

не се согласуваат со мислењето дека грижата за децата и старите лица поприродно ѝ прилега на жената, наспроти

**38 %**

кои се се согласуваат со тоа.



Работата на родовата еднаквост е важна точка на поврзување меѓу граѓаните и граѓанските организации

Индексот за родова еднаквост[1] покажува дека најголемите родови нееднаквости се забележуваат во доменот време.

Ова значи дека жените поминуваат значително повеќе време во грижата за децата, внуците или други лица на кои им е потребна поддршка во семејството.

Најдобра илустрација на овој факт е и перцепцијата дека таткото како самохран родител нема да се снајде добро во грижата за детето како самохраната мајка.

Над **60 %** од испитаниците се согласуваат дека самохраната мајка полесно би се снашла во грижата за детето отколку самохран татко. Притоа, жените имаат поголема доверба во мажите дека еднакво добро би се снашле во грижата за децата како самохрани татковци.

1 Индексот за родова еднаквост е достапен на следниот линк: Државен завод за статистика - публикација: Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022 - Мерење на родовата еднаквост



И покрај ваквото мислење, очигледно е дека грижата за домот и семејството сè уште паѓа на „грбот“ на жените.

## А што мислат младите за ова прашање?

Младите се полиберални во своите ставови во споредба со повозрасните и повеќе поддржуваат поделба на обврските во грижата за домот, децата и старите лица. **Тие помалку се согласуваат и во однос на тоа дека самохраната мајка полесно би се снашла во грижата за детето отколку самохран татко.** Тоа покажува тенденција на изедначување на родителската улога на мајките и на татковците и промена на перцепцијата дека мајките единствено и најдобро се грижат за децата.

### А што мислат младите?



## Врз кого е товарот да заработува повеќе во семејството?

Студијата потврдува позитивен тренд на напуштање на стереотипот дека мажот треба да заработува повеќе од жената. Со овој став не се согласуваат **74 %** од испитаниците.

Сепак, сè уште е присутен стереотипот за улогата на мажот како првенствен обезбедувач на приходите во семејството, со кој се согласуваат **52 %**.

Исто така, со ставот дека управувањето со парите и имотот треба да му припаднат само на мажот не се согласуваат **54,5 %**.

Мажите во значително поголем степен се согласуваат со трите тврдења, што укажува на тоа дека самите повеќе се придржуваат кон традиционалната поделба на улогите во однос на заработката и управувањето со парите во семејството.



## Колку граѓаните прават разлика меѓу машкото и женското дете кога станува збор за финансирање на нивното образование?

Над **80 %** од учесниците во истражувањето кажале дека, доколку семејството има ограничени приходи, а треба да донесе одлука кому ќе даде предност за образование, одлуката ќе (треба да) зависи од други услови, не од тоа дали се работи за момче или за девојче.

Не постои разлика во одговорите во однос на возраста и образованието, но во однос на полот, жените повеќе од мажите поддржуваат еднаквост при одлуките поврзани со финансирање на образованието.

### Предноста на образованието во случаи на ограничени финансии



## Наследуваме ли еднакво како мажи и жени?

Постои тенденција на напуштање на мислењето дека имотот треба да го наследуваат машките членови на семејствата, барем декларативно.

Така, мнозинството испитаници (**75 %**) сметаат дека имотот треба да се наследува рамномерно меѓу жените и мажите.

Со овој став жените се согласуваат во поголем степен од мажите.

Од друга страна, испитаниците од руралните средини помалку се согласуваат со овој став, што потврдува дека сè уште се под силно влијание на традиционалните вредности.

Ова го потврдуваат и статистичките податоци, кои покажуваат дека жените поседуваат само **29 %** од имотот во државата, а во руралните области само **5 %** од имотот го поседуваат жени.

**75 %**

**од испитаници сметаат дека имотот треба да се наследува рамномерно меѓу жените и мажите.**

**29 %**

**од имотот во државата го поседуваат жени, а во руралните области само**

**5 %**

**од имотот го поседуваат жени.**



Тоа неоспорно покажува дека овој проблем е сè уште многу присутен во нашето општество и многу негативно влијае врз економската моќ на жените.

## Изјава од учесник на фокус групите

„Во однос на поделбата на имотот, влечеме традиција, па мажите поседуваат многу повеќе имот отколку жените, пред сè, во руралните средини."
(Изјава од интервјуиран претставник на политичка партија)

## Препораки:

- Граѓанските организации, во соработка со институциите на национално и локално ниво, треба обезбедат информации за имотните и наследните права на граѓаните, со акцент на жените и на младите, а особено за жените изложени на поголем социјален ризик, преку:
    - Спроведување на јавни кампањи за подигнување на свеста за поврзаноста на поседувањето на имотот и зголемување на економската независност кај жените, како и добросостојбата и намалување на ризиците на ранливост (пр. една од причините за ненапуштање на насилната средина кај жртвите на родово засновано и семејно насилство е непоседувањето сопствено живеалиште).
    - Целни бесплатни информативни и правни советувања на индивидуално и групно ниво, и на мажите и на жените, во срединитe каде што се регистрирани најголемиот број на изјави за откажување од наследство.
    - Обезбедување бесплатна правна помош на жените од руралните средини за нивните социјални и имотни права и спорови.

## Каков е ставот во однос на самостојно одлучување за абортус?

Во однос на прашањето за абортусот продолжува позитивниот тренд на поддршка, со оглед на тоа дека мнозинството испитаници (**61 %**) сметаат дека абортусот треба да биде дозволен во нашата држава. Негативен тренд се појавува единствено во однос на самостојноста на женската одлука по ова прашање, односно **26,8 %** не се согласуваат со тврдењето дека жената треба да има право самостојно да одлучи за абортус, без влијание од партнерот и од семејството. Жените и помладите испитаници даваат поголема поддршка за самостојно одлучување во случај на абортус, наспроти мажите и повозрасните испитаници.



**61 %**

Абортусот треба да биде дозволен во нашата држава.

**26,8 %**

Не се согласни дека жената има право самостојно да одлучи за абортус, без влијание од партнерот и од семејството.

Прашањето за дозволеноста на абортусот е апсолвирано и затворено прашање и за политичките партии и секоја дискусија за негово повторно отворање се смета за „наметната однадвор". Од друга страна, се забележува тенденцијата на проблематизирање на самостојноста на жената при одлучување за абортус и меѓу дел од политичките партии (ВМРО-ДПМНЕ), дека жената треба да се консултира со партнерот и со семејството пред да донесе одлука за абортус. Сепак, и покрај можните консултации со партнерот и со семејството,  одлуката за абортус мора да биде независна одлука на жената, која има право самостојно да одлучува за своето тело, за своите желби и иднината, за тоа кога и како ќе се определи за мајчинство.

**Препораки:**

- Граѓанските организации треба да продолжат со обезбедување на едукативни и информативни содржини за зголемување на свеста за важноста на репродуктивното здравје и слобода кај жените и употреба на контрацептивни средства во превенцијата на непланирана бременост.

# Колку сме согласни околу еднаква распределба на обврските во домот?

Најголем број од испитаниците (**81,4 %**) даваат поддршка за еднаков дом во кој нема поделби на „машки и женски работи и улоги“. Мнозинството испитаници, особено жените, сметаат дека родителите треба да поттикнуваат и да учат на еднаквост и на еднаква поделба на улогите меѓу мажот и жената.

**Возраста** не е значаен фактор и младите еднакво како и повозрасните го искажуваат истиот став кон учењето на машките и на женските улоги во семејството, што покажува тренд на напуштање на традиционалните улоги во домот.

**Образованието и полот,** пак, се влијателни фактори во разликата на одговорите. Мажите и лицата со пониско образование, во споредба со жените и оние со повисоко образование, во поголем степен се за тоа дека децата треба да ги научат улогите на мажите и жените од своите родители, што би значело пренесување и прифаќање на традиционалните улоги на мажот и на жената.




▼основно/дооосновно ▼средно ▼више/високо

## Се зборува ли доволно за правата на жените во училиштата?

Ставот на мнозинството испитаници (иако не е премногу нагласен) е дека преку образованието треба да се подигнува свесноста за улогата на жената, но не и за хомосексуалноста.

Дека учебниците/училиштата треба да ја менуваат сликата за женската способност во одредени области во кои таа е помалку вклучена – сметаат **54,6 %**. Од друга страна, **55, 2 %** сметаат дека не треба премногу да се зборува за хомосексуалноста, бидејќи таа може да се поттикне кај младите.

Важно е да се напомене дека нема голема разлика во одговорите по основа на возраст, што значи дека и кај најмладата популација преовладува мислењето дека хомосексуалноста се поттикнува, доколку се зборува за неа. Ова покажува дека младите се неинформирани во однос на сексуалноста и хомосексуалноста и се подложни на антиродовите наративи.

Мнозинството жени **(72 %)** сметаат дека правата на жените не се промовираат доволно во училиштата. Од друга страна, само **34 %** од мажите го мислат истото, што покажува недоволна поддршка за промоција на женските права во образованието од страна на мажите.



**54,6 %**
Учебниците/училиштата треба да ја менуваат сликата за женската способност во одредени области во кои таа е помалку вклучена.

**55,2 %**
Смета дека не треба премногу да се зборува за хомосексуалноста.

**72 %**
Мнозинството жени смета правата на жените не се промовираат доволно во училиштата.

**34 %**
Мал број мажи сметаат дека правата на жените не се промовираат доволно во училиштата.

Комуникациски пакет за граѓански организации

Работата на родовата еднаквост е важна точка на поврзување меѓу граѓаните и граѓанските организации

Жените значително повеќе од мажите сметаат и дека треба во учебниците/училиштата да се зборува за неправдите што ги доживуваат луѓето како последица на родова дискриминација.

**Вкупно:**

**61 %**

од жените наспроти





**41 %**

од мажите сметаат дека е важно да се пренесат неправдите за да станат сите почувствителни кон лицата кои биле изложени на родова дискриминација.

Од друга страна, **мажите во поголем степен (25 %) од жените (11 %) сметаат дека не треба да се зборува за тоа, бидејќи повеќето неправди како последица од родова дискриминација се измислени**, што покажува отсуство на искуства со родова дискриминација.

**Препораки:**

- Граѓанските организации треба да продолжат со едукација преку програми каква што е сеопфатното сексуално образование. Овие програми се инклузивни и информативни и ќе ги разбијат предрасудите и стереотипи за родовите улоги во општеството.

Работата на родовата еднаквост е важна точка на поврзување меѓу граѓаните и граѓанските организации

## Како би се заштитиле во случај на лично доживеана неправда од родов вид?



Граѓаните се спремни да го заштитат своето лично право на родова еднаквост – **90 %** од испитаниците се изјасниле дека би реагирале на одреден начин, било да е тоа јавно говорење на темата, одредена жалба против одлуката или тужба таму каде што е потребно.

Само **6 %** од населението би прифатиле без да се побунат, а **4 %** не знаат што би сториле или не сакаат да се изјаснат.

Во случај на лично доживеана родова нееднаквост, би се побуниле и би зборувале за доживеаната неправда почесто повозрасните и помалку образованите, но иницијативи за формалноправна заштита на правата во смисла на покренување на жалби и тужби почесто би презеле помладите и луѓето со повисоко образование.



Сепак, на прашањето што би требало да направат жртвите во ситуација на родова нееднаквост, над **50 %** од испитаниците сметаат дека начинот на реакција и заштита од страна на обесправените не треба да го иритираат мнозинството (**44,9 % сметаат дека жртвите на родова дискриминација треба да најдат решенија кои нема да го иритираат мнозинството, а 5,3 % сметаат дека жртвите треба да молчат).**




**Тоа покажува многу низок степен на солидарност и емпатија кон обесправените, особено од машките испитаници и од оние со пониско образование.**

## Препораки:

- Дел од кампањите за покренување на свесноста водени од Граѓанските организации треба да се однесуваат и на механизмите за заштита и за тоа колку позитивни случаи има во изминатите 10 години во кои е утврдена дискриминација по основа на пол и род. Тоа ќе ја опфати праксата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, но и судската заштита.
- Позитивните кампањи за покренување на свесноста треба да обезбедат споделување на директни искуства на жртвите на дискриминација, особено жени, кои ќе охрабрат други лица да пријават дискриминација.
- Граѓанските организации да продолжат да застапуваат и работат на јакнење на капацитетите во соработка со Телата и институциите за заштита од дискриминација во образованите установи, со цел развивање на емпатија кај децата од најрана возраст, преку работа со кадарот од градинките, училиштата, со родителите, со детските психолози и другите стручни лица вклучени во образовно воспитаниот процес.

# Треба ли да ги чуваме традиционалните вредности?

Најголем број испитаници **38 %** сметаат дека традиционалните вредности треба да се почитуваат сè додека не попречуваат нечие туѓо право.




Не е мал бројот и на оние кои сметаат дека традиционалните вредности треба да се почитуваат секогаш и без исклучок (**23,5 %**).






Најмал процент (**12,4 %** од испитаниците) сметаат дека традиционалните вредности треба постојано да се преиспитуваат и да се градат нови.




Во одговорите нема разлика во однос на полот, возраста и образованието, што покажува високо ниво на поддршка за традиционалните норми и од мажите и од жените, и од младите и од повозрасните, што неминовно ги вклучуваат и родовите норми.

Според испитаниците од фокусните групи, традиционалните вредности се поврзуваат со *„заштитата и одржувањето на семејниот концепт, етичка претстава за состојбите и етички начин на живот, обезбедување утеха и психолошка поддршка, чувство на припадност кон народот.“*

Издание на:
ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување
www.hera.org.mk

Уреднички:
Елизабета Божиноска, Гордана Стефковска Вељановска

Лектура:
Виолета Танчева Златева

Графичко уредување:
Небојша Гелевски

Место и година на издавање:
Скопје, 2025

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

305-055.1/.2:316.653(497.7)(047.31)

МЕНУВАЊЕ на перспективите: [Електронски извор] : ставови и перцепции на граѓаните за родовата еднаквост : комуникациски пакет за граѓански организации / уреднички Елизабета Божиноска, Гордана Стефковска Вељановска. - Текст во пдф формат, содрж. 50 стр., илустр. - Скопје : ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2025

Начин на пристапување (URL):
https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2025/06/kom-paket-rodova-ednakvost-za-gragjanski-org_mkd.pdf.
- Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 19.08.2025 год.

ISBN 978-608-4859-78-9

а) Родова еднаквост -- Јавно мислење -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 66686725

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Заедно за родова еднаквост: Градење поддршка за родово инклузивни политики“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.



www.hera.org.mk